**Известување за концентрација со која АНАНАС Е-КОМЕРЦ д.о.о. Белград-Нов Белград, Република Србија стекнува целосна контрола над ВЕБСПОТ ДООЕЛ Скопје**

**(предмет бр. 08-113/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 17.08.2022 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која АНАНАС Е-КОМЕРЦ д.о.о. Белград-Нов Белград, со регистрирано седиште на ул. Владимира Поповиќа бр. 8А, Белград, Република Србија, стекнува целосна контрола над ВЕБСПОТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Лермонтова бр. 3/6 – Скопје.

Приоритетна дејност на Стекнувачот е Трговија на мало со посредство на пошта или преку интернет. Основната деловна активност на Стекнувачот е продажба на производи преку интернет платформата за електронска трговија Ананас, достапна на веб локацијата https://ananas.rs/. Примарно присутен на пазарот на Република Србија, Стекнувачот има за цел проширување на својата дејност и на регионалниот пазар, односно на пазарите на Северна Македонија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија.

Стекнувачот е дел од Групацијата Делта Холдинг, која има седиште во Република Србија, а покрај на пазарот на Србија, присутна е и на голем број пазари на земји члени на ЕУ, како и на пазарите на Швајцарија, Русија и Белорусија. Компаниите од Групацијата Делта Холдинг реализираат деловни активности во областа на аграрно производство, производство на храна, извоз, увоз, застапување на странски компании, дистрибуција на стока за широка потрошувачка, продажба на автомобили, развој на недвижности и развој на нови технологии.

Групацијата Делта Холдинг своите деловни активности ги реализира преку пет организациски целини: Делта Аграр Групација, Делта Производство на Храна, Делта Недвижности Групација, Делта Дистрибуција и Дивизија за нови технологии. Стекнувачот е дел од Дивизијата за нови технологии на Групацијата Делта Холдинг.

Стекнувачот нема зависни друштва на територијата на Северна Македонија.

Во Република Северна Македонија, Групацијата Делта Холдинг е присутна преку Друштвото за производство,услуги и трговија ГЕМЕЛЛИ-ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. 29-ти Ноември бр, 42/1-14 со приоритетна дејност Производство на освежителни пијалаци; производство на минерална вода и друга флаширана вода. Друштвото ГЕМЕЛЛИ-ЕКСПОРТ ДООЕЛ Скопје нема остварено приходи во последните две деловни години.

Целно друштво во Трансакцијата е Друштвото за производство,трговија и услуги ВЕБСПОТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Лермонтова бр. 3/6 – Скопје. Приоротетна дејност на Целното друштво е 46.19 - Посредување во трговијата со разновидни производи. Целното друштво исто така има организирано подружница со назив Друштво за производство,трговија и услуги ВЕБСПОТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје –

Подружница 8 Туристичка агенција ВЕБСПОТ Скопје, со приоритетна дејност 79.12 – Дејности на организаторите на патувања (туроператорите).

Основна деловна активност на Целното друштво е посредување при малопродажба на разновидни производи и услуги преку платформата за електронска трговија (платформа за продажба и промоција на зделки) Групер (Grouper), достапна на веб локацијата https://grouper.mk/, како и платформата за електронска трговија Пао Пао, достапна на веб локацијата https://paopao.mk/. Платформата за електронска трговија Групер (Grouper) е исто така достапна преку Google Play и App Store мобилни апликации кои се развиени од страна на Целното друштво.

Целното друштво поседува "А" лиценца за вршење на туристичка дејност, издадена од страна на Министерството за економија на Република Северна Македонија. Предметната лиценца е обезбедена со цел друштвото да биде во можност преку својата платформа за електронска трговија да посредува при продажба на туристички аранжмани во земјата и странство.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

18.08.2022 година
Скопје